РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04 - 1449/24
13.05 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk
# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на чл.52 ст.1 од Законот за административни службеници службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), Градоначалникот на Општина Крива Паланка ја донесе следната

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРВОРАНГИРАН КАНДИДАТ

1.По интерниот оглас број 01/2022 година објавен на ден 27.04.2022 година за пополнување на работно место со унапредување- **4.Соработник за односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор,** ниво В3, шифра УПР 01 01 В03 000, во Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, во општина Крива Паланка 1(еден) извршител, се избира:

**Лилјана Стојановска со адреса на ул. Св. Јоаким Осоговски бр.73/13 Крива Паланка.**

2. Административната службеничка ќе биде унапредена по завршување на постапката за избор, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе Решение за унапредување.

3. Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

На ден 27.04.2022 година истовремено на интернет страницата на Општина Крива Паланка и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас број 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување реден број 4.Соработник за односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор, ниво В3, шифра УПР 01 01 В03 000, во Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, во општина Крива Паланка, 1(еден) извршител.

Со Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка број 04-1449/15 од 03.05.2022 година е формирана Комисија за селекција за унапредување.

На интерниот оглас за наведеното работно место во законски определениот рок се пријави кандидатот Лилјана Стојановска од Крива Паланка со поднесување на пополнета пријава број 04-1449/12 од 29.04.2022 година со прилог докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Крива Паланка до Одделението за човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на Општина Крива Паланка.

Од страна на одделението за човечки ресурси на Комисијата со дописот достава на документи бр.04-1449/16 од 11.05.2022 се предаде затворено плико со пријавата за унапредување и доставените докази, како и изводот од персоналното досие на пријавениот кандидат.

Комисијата направи административна селекција со цел проверка дали кандидатот ги исполнува условите за унапредување и изврши бодирање на кандидатот за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-1449/17 од 11.05.2022 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување се спроведе интервију и се изготви записник бр.04-1449/19 од 11.05.2022 година.

Комисијата состави допис број 04-1449/20 од 12.05.2022 година и до Градоначалникот ја достави финалната ранг листа на интервјуираните кандидати врз основа на бодовите од административната селекција, и бодовите од интервјуто и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место под реден број 4.Соработник за односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор, ниво В3, шифра УПР 01 01 В03 000, во Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, во општина Крива Паланка.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од три дена по добивање на предлогот донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

Одделение за човечки ресурси
Изготвил Игор Додевски

Да се достави до:
- избраниот кандидат
- одделение за човечки ресурси
- архива на општина Крива Паланка
- да се објави на интернет страна на Општината

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА